08-381/10
31.10. 22

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 7 и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21 ) и извештајот од стручната комисија бр.08-381/8 од 05.08.2021 година, Одборот за акредитација на високото образование, на 18 -та седница одржана на 19.05.2021 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за акредитација на ментор на докторски студии**

1. Д-р Никола Тунтевски, вонреден професор на студиската програма Административно право и администрација, на Правен факултет - Кичево, при Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола, се акредитира за ментор на докторски студии на студиската програма Административно право и администрација, од трет циклус бр. на акредитација 08-379/9 од 31.10.2022 година.
2. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.
3. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

По донесеното барање од 03-606/1 од 25.12.2020 (наш бр.08 - 381/1 од 21.01.2021 година) за акредитација на ментор на докторски студии на студиска програма Административно право и администрација, на Правен факултет - Кичево, при Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола, за вон. проф. д-р Никола Тунтевски.

Одборот за акредитација на високото образование, на 11 - та седницата одржана на 27.01.2021 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација на ментор на докторски студии, со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр. 08 - 381/8 од 05.08.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21) и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 18 - та седница одржана на 19.05.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова